**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

# ООУ „ЖИВКО БРАЈКОВСКИ“ - БУТЕЛ, СКОПЈЕ

за период од 2024 до 2028 година



Скопје, јули 2024 година

# Преамбула

Развојната програма за работа на ООУ„Живко Брајковски“ – Скопје, Бутел за период од

2024-2028година е изработена според член 49 став 1, 2 и 3 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 од 05.август 2019 и 229/20) член 1, 2 и 3 од глава I и член 4 и 5 од глава II од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18 – 6579/1 од 06.07.2020 година донесен од страна на Министерот за образование и наука.

Развојната програма на ООУ „Живко Брајковски“ - Скопје е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Наставните планови и програми од БРО;
- Концепцијата за основно образование донесена со решение бр.08-3980/1 од 3.3.2021 година;
- Развојната програма на училиштето од 2020-2024 година;
- Статутот на училиштето;
- Самоевалуацијата на училиштето од 2022 - 2024 година;
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година;
- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;
- Интерни акти (Статут, Етички кодекси, Деловници за работа на органите и друго).

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа.

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | Општинско Основно Училиште „Живко Брајковски“ |
| Адреса | ул. „Краишка“ 1А |
| Телефон, е-пошта | Тел./факс 02/2 621-412, zhivkobrajkovski@yahoo.com, ou-zhivkobrajkovski-butel@schools.mk |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2024 - 2028 |
| Број на ученици во училиштето | 944 |
| Број на подрачни училишта | 0 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Магдица Пеева |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Ардиан Буњаку |
| Потпис | |
| Датум | 10.07.2024 |

**Содржина**

1. **Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Општинско Основно Училиште „Живко Брајковски“ |
| Адреса | ул. „Краишка“ 1А |
| Телефон | Тел./факс 02/2 621-412 |
| Место, општина | Бутел, Скопје |
| Веб-страница | zhivkobrajkovski@yahoo.com |
| Е-пошта | zhivkobrajkovski.edu.mk |
| Ден на училиштето | Во месец мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 3734 $m^2$ |
| Училишен двор (m2) | 5700 $m^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | 0 |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | Веќе е достигнат |
| Број на ученици (моментална состојба) | 944 |
| Број на паралелки | 43 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски и албански |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | нема |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Првпат прагот на училиштето беше пречекорен и неговите простории исполнети со детски џагор, есента 1964 година. Училиштето се градеше во несекојдневна, вонредна состојба. Работниот колектив кој во тоа време не броеше повеќе од 30 вработени, беше исправен пред една мошне сложена и одговорна, не само службена, туку и општествена задача чие извршување бараше висока општествена свест. Колективот раководен од општата мобилна состојба во градот и чувството на одговорност на секој граѓанин, успеа да создаде услови за работа кои создадоа широки можности за вклучување на учениците во воспитно-образовниот процес за оптимално совладување на наставниот план и програма. Во такви услови на ентузијазам и висока свест беа прифатени и првите 680 ученици, собрани од сите делови од градот. Разликите во предзнаењата и поведението на учениците претставуваа посебна тешкотија, бидејќи требаше да се изградува општ, заеднички критериум. Крајот на учебната 1964/65 година ги даде првите резултати, кои според условите беа повеќе од задоволителни. Од вкупно 680 ученици на крајот на учебната година имаше само 12 ученици што повторуваа, а општиот успех изнесуваше 3,07. Во учебната 1966/67 година во училиштето се отвара дневен престој за згрижување ученици од I до IV одделение. Карактеристично за учебната 1969/70 е тоа што за првпат во училиштето отпочнаа со работа паралелки со албански наставен јазик. Во изминативе години во училиштето се освоени многу награди на општинско, државно, републичко и меѓународно ниво. Од нашето училиште произлегоа голем број успешни личности во сите општествени сфери на кои сме горди.

Во септември, во учебна 2015/2016 г. се преселивме во нов модерен училишен објект кој континуирано до денес естетски се уредува и опремува со информативно комуникациски технолошки и нагледни средства. Во 2019/2020 во склоп на училишниот двор се направи инклузивно игралиште и хортикултурно се уредува со инсталиран систем за наводнување.

Во 2023 година изграден е нов плоштад во дворот на училиштето кој се користи и за одржување часови во природа за сите ученици.

Училиштето е верификувано со Решение бр.10-2484/3 од 28 04 1995 год. издадено од МОН.

## 1. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителите)

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **План за работа и обука за изработка на диференцирани цели во наставните содржини** | 1.1 Обука на наставниот кадар за изработка на диференцирани цели во наставните содржини | да | | | |
| | 1.2 Континуирана соработка со стручна служба | да | | | |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Промоција на успешните ученици** | 2.1 Идентификација, работа и промоција на успешните ученици | да | | | |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Унапредување на работата на стручните активи** | Анализа, утврдување на потребите на стручните активи, организација и унапредување на работата на стручните активи | да | | | |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Севкупна грижа на учениците** | 4.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | да | | | |
| | 4.2. Превенција од насилство | | да | | За жал повремено се случуваат инциденти меѓу учениците |
| | 4.3. Грижа за ученици со емоционални потешкотии | | да | | Зависи од подготвеноста на ученикот да прифати и пријави емоционален проблем |
| Стратешка цел 5 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализи рана | Образложение |
| **Еднаквост и правичност** | 5.1. Кодекс на однесување | да | | | |
| | 5.2. Прифаќање и промовирање на мултикултурализм от | да | | | |
| | 5.3. Партнерски однос со родителите, локалната и деловната заедница | да | | | |
| Стратешка цел 6 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализи рана | Образложение |
| **Наставни средства и материјали** | 6.1. Опремување на училиштето со наставно нагледни средства | | | да | Поради недостиг од финансиски средства во тој период |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 6.2. Реновирање училишнаа спортска сала | да | | | |
| | 6.3. Обезбедување на просторни капацитети | | да | | Не се доградени или изградени нови простории туку е направена пренамена на постоечките |
| Стратешка цел 7 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Цели и креирање на училишната политика** | 7.1 Обезбедување на материјално-технички средства | да | | | |
| | 7.2 Управување, раководење и креирање политика | да | | | |
| Стратешка цел 8 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Комуникација со окружувањето на училиштето** | 8.1. Комуникација со граѓански здруженија и донатори | да | | | |
| | 8.2. Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство | да | | | |

## 2. **Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)**

(SWOT-анализата се заснова на анализата на резултатите од самоевалуацијата и интегралната евалуација, односно од извештаите по спроведувањето на овие два процеса, а се однесува на функционирањето на училиштето, неговите силни страни, слаби страни и ресурси гледано од различни агли (вработени, ученици, претставници на локалната заедница) во сите подрачја од работата на училиштето.)

**SWOT-анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| Најголемиот број ученици (84%) и најголемиот број родители (83%) и сите наставници (100%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека од училиштето се добиваат добри совети и јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.<br><br>Во училиштето има опремено сензорна соба за потребите на учениците со попречености според највисоки стандарди.<br><br>Просечниот број неоправдани изостаноци е помал од пет по ученик, односно во учебната 2022/23 изнесувал приближно 0,88 %, а во учебната 2023/24 тој процент е приближно 1.16%.<br><br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат високи резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со истото се согласуваат и најголемиот број на анкетирани ученици (88%).<br>Најголемиот број на родители (94%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека се информирани за редовноста на нивното дете. | По секој квалификациски период, училиштето прибира податоци според пол и според јазикот на наставата, но не донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците.<br><br>Иако училиштето има изготвено програма за надарени ученици и најголемиот број на наставници (89%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека умеат да ги идентификуваат надарените ученици, такви ученици не се детектирани.<br><br>Е-дневникот не се води уредно и навремено од сите наставници и затоа родителите немаат можност редовно да се информираат за постигањата на нивното дете. |

| Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување |
|---|---|
| Основното образование се развива врз основа на следните начела: - најдобар интерес и целосен развој на ученикот, - еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност, - општообразовен карактер на основното образование, - обезбедување повисок квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, - активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата, - подготвување ученици за доживотно учење, - унапредување сличности и прифаќање различности, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност,<br><br>- грижа за физичка безбедност и здравје, - автономност, компетентност и одговорност и - партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа. | Намалување број на ученици во паралелките на македонски наставен јазик поради намален наталитет кај населението во општината и иселување.<br><br>Закана од родителите поради неприфаќање нивни барања.<br><br>Закана од непосредната околина - негативно влијание врз учениците од пороците на денешницата. Негативните трендови во врска со занемарување на традиционалното наследство. Појава на насилничко однесување кај дел од учениците - закани од сообраќајот во непосредната околина на училиштето - закана од непознати лица, Фрлање ѓубре и смет од страна на други физички лица од соседството во училишниот двор. Физичко оштетување на училишниот имот. Немање на млечен ресторан и сендвичара во близина на училиштето. |

## 3. Мисија и визија на основното училиште

МИСИЈА:

Ние сме училиште кое нуди квалитетно и инклузивно образование, почитувајќи ја мултикултурната средина и поддржувајќи го истражувачкиот дух, со цел да развиеме јадро на знаење преку соработка меѓу ученици, наставници и родители, поттикнувајќи идеи за унапредување на образованието и создавајќи идни лидери кои ги почитуваат трајните вредности и културата на сите етнички заедници во духот на мир и толеранција.

ВИЗИЈА:
Нашата визија е да бидеме училиште кое ќе се развие во иновативна и инклузивна средина, каде што учениците ќе ги развиваат своите морални вредности, ќе бидат поддржани во правилен развој, ќе ја негуваат љубопитноста и креативноста, и ќе се јакне меѓусебната доверба, создавајќи амбиент кој отсјакува позитивна меѓуетничка клима и верба во нашите ученици.

## 4. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

(Се наведуваат селектираните приоритети и образложение за важноста на тој приоритет)

Во процесот на селекција се издвојуваат 3-5 приоритети кои произлегуваат од SWOT-анализата, мисијата и визијата, при што училиштето треба да се води од неколку критериуми, со што ќе може да даде предност на некои приоритети во однос на други:

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Опремување училници со смарт табли и компјутери за потребите на наставата | -преку кои ќе се согледаат позитивните придобивки на технологијата во текот на учењето.<br><br>-комуникацијата преку интернет може сега и во иднина да биде единствена алатка за учење и социјализација на учениците. Смарт таблите и компјутерите да претставуваат како техничка алатка преку која не само што учениците ќе ја следат наставата, туку и ќе се изработуваат проектните задачи за во училиште.<br><br>-има потреба од користење на современа образовна технологија“, за да стекнат нови знаења и вештини, во ИКТ. |
| Опремување кабинети со нагледни средства, технички помагала и дидактички материјали за поуспешна реализација на наставната програма; | -Нагледни средства и помагала, постери, видео снимки, слики, цртежи, карикатури, модели, историски и географски карти, табли и интерактивни табли и многу други помагала по сите предмети за училишна возраст, со можност за учење преку непосредно подготвување на постерите (низ истражување по разни книги и списанија, каде се бараат фрагменти и илустрации, се развива нивно чувство за одговорност и се учат од голем број материјали и содржини да ги селектираат оние кои се значајни за темата).<br><br>-Значењето на наставните средства се состои во тоа што тие “посредуваат во спознанието или непосредно служат како извор за стекнување на општообразовни и професионално стручни содржини, техники и способности“Со употребата на наставните средства “се развиваат визуелните, аудитивните, тактилните и |

| | |
|---|---|
| | другите сетилни способности, како и мисловните и емоционалните, физичките и моралните димензии на личноста“.<br><br>-Современите наставни средства го олеснуваат процесот на подучувањето на наставникот и на учењето на учениците низ поцврстата поврзаност на теоријата и практиката, на културата и цивилизацијата, на знаењата и умеењата на поединецот, на генерациите и на општеството во целина.<br><br>-Со современите дидактички помагала учебници, прирачници, вежбанки, работни тетратки.. може да се утврди изучуваната содржина предвидена со наставната програма;<br>• да се охрабрат учениците да го применат стекнатото знаење во нови ситуации и на тој начин да ги утврдат поимите и концептите;<br>•да ги вежбаат научните изрази и термини;<br>• да развијат научно-истражувачки вештини, како што се презентирање и толкување на резултатите од истражувањата. |
| Планирање и реализирање воннаставни активности кои ќе имаат за цел меѓуетничка соработка и толеранција, во кои ќе бидат опфатени најмалку 60% од учениците | -Со планирање и реализирање на воннаставни активности ќе се поттикнува развојот на интеркултурните компетенции кај учениците и ќе го промовира мултикултурниот/ мултиетничкиот карактер во нашето училиште. Тоа може да се направи преку: (1) вклучување мултикултурни содржини кои обезбедуваат сознанија за разликите и за сличностите во културите на различните етнички заедници кои учат во нашето училиште, (2) обезбедување интеракција на учениците кои учат на еден наставен јазик со ученици кои учат на друг наставен јазик, и/или (3) вклучување мултикултурни содржини во активности коишто обезбедуваат интеракција меѓу ученици од различни наставни јазици (комбинација од двата претходно наведени пристапа).<br><br>-Истовремено, од особено значење е кога се користи пристап кој ги нагласува сличностите и развива почитување за различностите меѓу етничките заедници.<br><br>-Интеракцијата меѓу учениците кои учат на различни наставни јазици се обезбедува преку контакт кој може да биде директен (непосреден) или индиректен (посредуван од електронски медиуми) |
| Унапредување на постигањата на учениците | -Децата замислуваат остварување, идеална ситуација во однос на темата/проблемот, ја формираат својата визија, |

| | |
|---|---|
| преку следење современи методи и техники како и добиени компетенции од одржаните обуки и семинари. | даваат облици, боја, звук или музика, ја преточуваат во движење, во игра... Ова е фаза во која најмногу се потенцира и доаѓа до израз потребата за слобода и креативно изразување и творење.<br>-Наставниците се оние што ги креираат просторот и условите за децата да се чувствуваат слободни и да трагаат по својата визија, без корекција и упаѓање.<br>-Наставникот избира, изработува и соодветно користи различни инструменти за оценување на пр.(задачи, тестови, чек листи, аналитички листи, анегдотски белешки)<br>-Прави индивидуализација и диференцијација во поучувањето базирана врз познавањата на потребите на учениците. |

## 5. Дефинирани стратешки и развојни цели

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| Опремување 3 училници каде што се реализира настава во прво одделение со смарт табла и компјутер. | Подобрување на успехот на учениците со опремување на сите расположливи училници во наредните 4 години со смарт табли и компјутери. |
| Опремување 2 училници каде што се реализира настава во второ и четврто одделение на албански наставен јазик со смарт табла и компјутер. | |
| Опремување 2 училници каде што се реализира настава во трето и петто одделение со смарт табла и компјутер. | |
| Опремување 3 училници каде што се реализира настава во шесто одделение со смарт табла и компјутер. | |
| Опремување 1 училница каде што се реализира настава во седмо одделение на македонски наставен | |

| | |
|---|---|
| јазик со смарт табла и компјутер. | |
| Опремување 2 училници каде што се реализира настава во осмо одделение со смарт табла и компјутер. | |
| Опремување 3 училници каде што се реализира настава во деветто одделение со смарт табла и компјутер. | |
| Дополнување библиотечен фонд на 2000 лектирни изданија на македонски наставен јазик. | Подобрување успех на учениците по мајчин јазик и поттикнување навики за читање со цел збогатување речник и зголемување фонд на зборови кои ќе ги употребуваат во процесот на образование и пошироко преку дополнување библиотечен фонд. |
| Дополнување библиотечен фонд на 2000 лектирни изданија на албански наставен јазик. | |
| Континуирана набавка на стручна литература и белетристика. | |
| Доопремување кабинетот по хемија со наставно нагледни средства. | Подобрување успех на учениците и поуспешна реализација на наставната програма со опремување кабинети со нагледни средства, технички помагала и дидактички материјали за работа. |
| Доопремување спортски реквизити. | |
| Дополнување со изложбени паноа по ходниците. | |
| Обезбедување просторни капацитети со доградување 6 училници. | Обезбедување просторни капацитети со доградување 6 училници. |

| **Стратешка цел 1** | **Развојни цели** |
|---|---|
| Подобрување успех на ученици со опремување сите расположливи училници во наредните 4 години со смарт табли и компјутери. | 1.1. Планирање стратегии и барање проекти, понуди и партнери за обезбедување финансиски средства. |
| | 1.2. Опремување 7 училници каде што се реализира настава во трето, четврто, петто и шесто одделение со смарт табла и компјутер во тековната учебна година 2024/25. |
| | 1.3. Поддршка на наставниот кадар со обезбедување обуки за современи наставни техники и смарт ресурси. |
| | 1.4. Опремување 4 училници каде што се реализира настава во прво и седмо одделение со смарт табла и компјутер во тековната учебна година 2025/26. |
| | 1.5. Опремување 4 училници каде што се реализира настава во осмо и деветто одделение со смарт табла и компјутер во тековната учебна година 2026/27. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Подобрување успех на учениците по мајчин јазик преку дополнување библиотечен фонд. | 2.1. Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2024/25. |
| | 2.2.Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2025/26. |
| | 2.3 Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2026/27. |

| | |
|---|---|
| | 2.4. Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2027/28. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Обезбедување просторни капацитети со доградување 6 училници. | 3.1. Изготвување на предлог-буџет за изведување/ донација |
| | 3.2. Доставување на понуди од добавувачи |
| | 3.3. Избор на најповолни понуди |
| | 3.4. Презентација на предлогбуџет пред спонзори или локална заедница |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |
| Подобрување успех на ученици и поуспешна реализација на наставната програма со опремување кабинети со нагледни средства, технички помагала и дидактички материјали за работа. | 4.1 Обезбедување спортски реквизити. |
| | 4.2. Подобрување успех на ученици по хемија преку обезбедување реагенси за изведување експерименти во осмо и деветто одделение . |
| | 4.3. Опремување ходници со изложбени паноа. |

## 6. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| Стратешка цел 1. Подобрување на успехот на учениците со опремување сите расположливи училници во наредните 4 години со смарт табли и компјутери. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Опремување 7 училници каде што се реализира настава во трето, четврто, петто и шесто одделение со смарт табла и компјутер во тековната учебна година 2024/25. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите** |
| Обуки за наставници од БРО, семинари од општина, дисеминација, обуки за наставници од Црвен Крст, ЕРАЗМУС набавка на лап топ за наставниците, таблети за секој ученик обезбедување стабилен оптички интернет во училиштето Набавка на еден компјутер | Обучени наставници , зајанување на стручни активи , Зајакнување на професионалн и компетенции задоволсво и споделување на искуствата со учениците , Поголема мотивираност на учениците | Наставници од одделенска наставајазич на група, предметни наставници, библиотека, стручна служба и директор | Од март 2024 до септември 2024 год. (градење на тимови) Континуирано до 2025 год | Лап топ, смарт табли, проектори, интерни обуки, финансиски ресурси | Ментор, одговорни на стручни активи, стручна служба, директор | План за обуки, план за тим билдинг, - Личен професионален план за развој, сертификати, награди |

| **Развојна цел 1.2** Опремување 4 училници каде што се реализира настава во прво и седмо одделение со смарт табла и компјутер во тековната учебна година 2025/26. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| -Тим билдинг, градење на ефективни професионални тимови, - Заеднички, колективни активности - Споделување на добри практики и десиминицаија од спроведените семинари | Зајакната соработка меѓу одделенска и предметна настава Реализација и имплементација на споделените добри практики во воспитно образовниот процес | Одделенски и предметни наставници Стручни соработници Директорка | Од 2025 до 2026 год. (градење на тимови) Континуирано до 2027 год | Сала за конференции и семинари и Обуки, презентации, дискусии и панели Лап топ, смарт табли, проектори, финансиски ресурси | Стручна служба Тимот за професионален развој Директорка | Чек листи Евидентни листи Листи за самопроценка Личен професионален план Евалуациони листи од обуките |
| **Развојна цел 1.3** Опремување 4 училници каде што се реализира настава во осмо и деветто одделение со смарт табла и компјутер во тековната учебна година 2026/27. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Прибирање на понуди; - Разгледување на понуди и одбирање на најповолната понуда во однос на цена | Изработен акционен план. -Обезбедени финансиски средства. -Примена на техничките средства во | Директор, наставници, директор, струччна служба, | 2026/2027 g. | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител | Чек листи Евидентни листи Листи за самопроценка Личен професионален план Евалуациони |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| и квалитет; -Барање донации од фирми и компании; - Самофинсирачки активности на училиштето; -Соработка и барање поддршка од локална самоуправа; --- Соработка со родители. - Нарачка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла; - Распределба на лаптоп компјутерите, ЛЦД проекторите и интерактивната (smart) табла и задолжување на наставниците. | наставата. Унапредена настава. - | стручни лица | | | | листи од обуките |

| **Стратешка цел 2**. Подобрување успех на учениците по мајчин јазик преку дополнување библиотечен фонд. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1.** Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2024/25. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација**<br><br>- | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| -Формирање тим за утврдување на состојбата на книжевниот фонд на библиотеката со нови лектирни изданија и стручна литература.<br><br>-Опремување - со стручна литература и наставни средства и помагала - на библиотеката со лектирни изданија - Користење на ИКТ и пристап до интернет | Утврдена е состојбата на книжевен фонд на библиотека со нови лектирни изданија и стручна литература. | Библиотекари Професори по мајчин јазик Директор, Наставнички Совет Комисија за увид-пописна комисија | Континуирано- учебна 2024/25 год. | - Книги, списанија, енциклопедии, ЦД-а - Информатичка опрема Интернет мрежа и рутер | Директор Претседатели на Стручни активи | Број на постоечки лектирни изданија / број на потребни лектирни изданија<br><br>Листа на потребни наслови за лектирни изданија и стручна литература<br><br>Записник од Наставничк и Совет. ,Записникод пописна листа на комисијата Записник од библиотека р |

| **Развојна цел** 2.2. Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2025/26. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Набавка на еден компјутер | Нема електронска евиденција на наслови / на крај 100 % електронска евиденција | Библиотекари | Учебна 2025/26 год. | компјутер, печатач, хартија | Директор Претседатели на Стручни активи | Софтвер за електронска евиденција на библиотечен фонд во училиштето |

| **Развојна цел** 2.3 Дополнување библиотечен фонд на 500 лектирни изданија на македонски наставен јазик и 500 лектирни изданија на албански наставен јазик во тековната учебна година 2026/27. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Договор со Градска библиотека за давање на насоки за водење на е-евиденција | Нема електронска евиденција на наслови / на крај 100 % електронска евиденција | Библиотекари | 2026/27 | компјутер, печатач, хартија | Директор Претседатели на Стручни активи | Обучени библиотекари за дигитално водење евиденција |

| **Стратешка цел 3**. Обезбедување просторни капацитети со доградување 6 училници. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел** 3.1. Изготвување на предлог-буџет за изведување/ донација | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** - | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Изготвување на јасен план и распоред за максимално искористување на училишниот простор за настава и воннаставни активности<br><br>- Поставување на соларни панели на кровот на спортската сала<br>- Да се потврди потребата од заштеда на електрична енергија | - Заштеда на електрична енергија - Снабдување со топла вода - Подобрени здравствени и хигиенски услови - Добивање на енергетски ефикасно училиште - Задоволни ученици, родители и наставници | директор - стручни соработници - наставниците<br><br>- - Тим од наставници и родители - Училишен одбор - Училишни економски оператори кои ќе ја користат спортската сала - Изведувач на работите | јануари, август -учебна година 2024/25 | План за развој на училиштето - Годишна програма за работа - Полугодишен и годишен | - Тим од наставници и родители - Училишен одбор - Училишни економски оператори кои ќе ја користат спортската сала - Изведувач на работите | - Сметки за електична енергија |
| **Развојна цел** 3.2.Доставување на понуди од добавувачи | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активност** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Реконструкција на | - Подобрени безбедносни | Формирање тим на | Сепември-март | Скелиња - | - Тим од наставници од | -Извештаи - Слики - Сметки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| фасадата на училишната зграда - Детектирање на моменталната состојбата на фасадата - | услови; - Заштеда на топлинска и електрична енергија; - Подобрен естетски изглед; - Задоволни ученици, родители и наставници; - Детектирање на моменталната состојбата на фасадата - Формирање тим на наставници за следење на начинот и динамиката на реконструкцијата | наставници за следење на начинот и динамиката на реконструкцијата Претставник од МОН, сектор за капитални инвестиции - Хаус мајстор Стручен тим - Хаус мајстор - Градежници | 2025/2026 година | Термоизолациони материјали - Фасадни бои -Износ во зависност од потребите | одделенска и предметна настава | за електична и топлинска енергија |
| **Развојна цел** 3.3. Избор на најповолни понуди | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни рес-** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Реконструкција на вертикалниот ѕид и плафони на горниот тракт -- Да се потврди потребата за санација - Да се иготви преглед за потребните материјали | - Да се потврди потребата за санација - Да се иготви преглед за потребните материјали | - Тим од наставници од одделенска и предметна настава - Претставник од МОН, сектор за капитални инвестиции - Хаус мајстор | Јуни-Август 2026/27 година | Скелиња - Скала - Малтер - Бои | - Тим од наставници од одделенска и предметна настава - Претставник од МОН, сектор за капитални инвестиции - Хаус мајстор Градежници -Стручен тим - Хаус мајстор - - Градежници | Извештај од Санитарната инспекција - Извештај од ИЗИС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 4**. Подобрување успех на ученици и поуспешна реализација на наставната програма со опремување кабинети со нагледни средства, технички помагала и дидактички материјали за работа. | | | | | | |
| **Развојна цел 4.1** Обезбедување спортски реквизити. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Формирање тим кој ќе изврши проценка на состојбата на постојните нагледни средства и помагала. | Извршената проценка на состојбата со наставни средства и помагала во училиштето. | - директор<br>- Училишен одбор | во учебна 2024-25 г | Директор, наставници, училиште, материјали за работа | - Наставници од одделенска и предметна настава Директор, стручна служба | Утврдена потребата од нагледни средства и помагала заради набавување на нови современи кои ќе придонесат за поголема нагледност и во наставата.<br><br>Извештај на стручни активи, Пописна листа за постоечките нагледни средства и помагала. |
| **Развојна цел 4.2** Подобрување успех на ученици по хемија преку обезбедување реагенси за изведување експерименти во осмо и деветто одделение . | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Формирање тим за следење на начинот на набавка за | -Обезбедени финансиски средства | - Комисја за набавки Тимот за работа | Учебна 2025/26 год. | Комисија за набавки<br>-Тимот | | Барање на понуди за мали инфраструктури<br>-Барање на понуди за мали |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| задоволување на потребата од инвентар и нагл. средства во кабинетите и потрошен матрејал<br>- | | | | за работа, училиште, Материјали за работа. | | инфраструктурни зафати, Пристигнати понуди<br><br>-Предлог буџет за обезбедување средства<br>-Подобрена финасиска состојба на училиштето |
| **Развојна цел 4.3.** Опремување ходници со изложбени паноа. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Изготвување ,разгледување, доставување барање на понуди<br>- | Набавен инвентар и соодветни нагледни средства | -<br>Комисија за набавки, училиште, материјали за работа. | Учебна 2026/27 г. | Училиште, материјали за работа. | Директор, Наставници,Тимот за работа | Воведување кабинетска настава во училиште и подигање квалитетот на наставата.<br>Барање на понуди за набавка и подигање на потребниот инвентар и соодветни нагледни средства,.<br>-Пристигнати понуди.<br>-Предлог буџет за обезбедување на средства. -Записнил за набавен инвентар. |

## 7. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

- 1. Магдица Пеева - Директорот на училиштето
- 2. Андријана Јовановска - Психолог
- 3. Елена Апостолоска – Предметен наставник
- 4. Лилјана Стојановска – Одделенски наставник
- 5. Билјана Јаневска - Претставник на родителите
- 6. Ерина Рустеми - Претставник на учениците
- 7. Валентина Зенговска Стефановска - Претставник на локалната самоуправа

Дата: М.П. Директор:

----------------- --------------------

Претседател на училишен одбор:

---------------------------------